# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) ДЕЛОВНО СЕКРЕТАРСТВО, ОРГАНИЗАЦИСКО КОМУНИЦИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ И ПРЕГОВАРАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ, ЗА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ: ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И МЕНАЏЕРСКО ЛОБИРАЊЕ НА БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Македонија и Лајм од 23.08.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), за наставно – научните области (дисциплини) 50624 Друго – Деловно секретарство, Организациско комуницирање и организирање и Преговарање и одлучување, за наставните предмети: Односи со јавност и Менаџерско лобирање и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр.02-25/5, донесена на 22.09.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Томе Груевски, редовен професор, Правен Факултет Скопје, д-р Цветко Смилевски, редовен професор во пензија, д-р Методија Стојановски, редовен професор, Педагошки Факултет Битола.

Членовите на Рецензентската комисија, по извршениот преглед на доставената документација го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент) за наставно-научната област 50624 – Деловно секретарство, Организациско комуницирање и организирање, и Преговарање и одлучување, за наставните предмети: Односи со јавност и Менаџерско лобирање, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, доц. д-р Марјан Танушевски.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Марјан Танушевски е роден на 28.07.1967 година во Битола. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз-Тито" во Битола, дипломирал на Техничкиот факултет-Битола (насока Индустриски Менаџмент) при Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, магистрирал и докторирал на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Кандидатот активно се служи со англиски, српски и хрватски јазик. Кандидатот активно користи ИКТ-технологии. Танушевски има 24 годишно професионално работно искуство и работен стаж, а во моментов е вработен во АД „Македонска информативна агенција"-Скопје, во државна сопственост, на позиција новинар-уредник и член на менаџерскиот тим, Управен одбор на МИА.

Доц. д-р Марјан Танушевски магистрирал во 2008 година, на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ-Скопје, каде успешно го одбранил својот магистерски труд, работен под менторство на редовен професор д-р Емилија Симоска, на тема: *„Лобирањето како фактор на зголемување на ефикасноста на локалната самоуправа"*.

Дисертацијата на тема: *„Лобирање на граѓанските организации во функција на креирање на јавните политики"*, работена под менторство на редовен професор д-р Наташа Габер-Дамјановска, ја одбранил во 2012 година, исто така на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ-Скопје, пред Комисијата во состав: проф. д-р Мирјана Борота Поповска, проф. д-р Виолета Чачева, проф. д-р Мирјана Најчевска, вонреден проф. д-р Ѓорги Манев и доц. д-р Анета Цекиќ. Со успешната одбрана на докторската дисертација се стекнал со научниот степен доктор на науки, доктор на менаџмент.

На 05.03.2013 година, Танушевски е избран во звањето доцент на БАС ИМ во наставно – научната област 50624 Друго – Деловно секретарство, Организациско комуницирање и организирање и Преговарање и одлучување, за наставните предмети: Односи со јавност и Менаџерско лобирање.

Во изработката на овој Реферат, Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други професионални остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, за што кандидатот поднесе уредна документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други професионални остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### 2.1.Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно - образовната дејност на БАС и БАС ИМ, кандидатот Марјан Танушевски изведува настава, вежби, менторска настава, студирање на далечина на прв циклус студии на студиската програма Оперативен менаџмент и на втор циклус на студии на студиската програма Стратегиски менаџмент, односно на наставните предмети: „Односи со јавност" и „Менаџерско лобирање".

Кандидатот бил ментор на специјалистички трудови, избран ментор на помлад наставник од областа „Напредно преговарање", учествувал како член во Комисија за оцена или одбрана на специјалистички трудови, а учествувал и во Комисии за избор и реизбор на наставен кадар.

Кандидатот е автор на три рецензирани книги, и тоа: „Прирачник за транспарентно лобирање на граѓански организации" – издание на МНД-Битола, Фондација Регионална развојна агенција на Пелагонија-Преда и Делегација на ЕУ во РМ публикувано во 2013 година, „Вештини за комуницирање и лобирање" ко-авторска книга со доц. д-р Јасмина Миронски, издадена во 2014 година од Фондација Конрад Аденауер, и книгата „Нов практичен водич за лобирање", издание на МНД-Битола од 2016 година и поддржана од Делегација на ЕУ во Р. Македонија.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој е доставен во прилог.*

**2.2.Научно истражувачка дејност**

Доц. д-р Марјан Танушевски објавил научни трудови од областа на стратешкиот менаџмент со посебен фокус на менаџерското лобирање и односи со јавност. Трудовите се публикувани во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), Зборници со меѓународен уредувачки одбор, популарни научно стручни списанија и други релевантни форми на академско публикување за кои кандидатот достави и потврда во конкурсната апликација.

Доц. д-р Марјан Танушевски одржал предавање на државниот Универзитет во Загреб, рангиран на Шангајската ранг листа од 500 најдобри универзитети во Светот. Предавањето е одржано на покана на Економскиот факултет при Унивезитетот во Загреб. Исто така, во изборниот период, а по покана, одржал предавања на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола и во Стопанската Комора на Босна и Херцеговина во Сараево. Танушевски бил пленарен учесник на Меѓународен научен симпозиум што традиционално го организираат Почесниот Конзулат и Амбасадата на Република Србија во Република Македонија.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој е доставен во прилог*

**2.3.Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Марјан Танушевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на БАС Институтот за менаџмент Битола и Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје, а се истакнува и со дејности што се од посебен интерес за академската заедница во државата и странство. Кандидатот е избран рецензент и соработник на Академијата на Науките и Уметностите на Босна и Херцеговина, и рецензент на учебникот „Лобирање у савременим условима" од група автори кој се користи на универзитетите во Босна и Херцеговина. Танушевски активно придонесува во студиските програми за прв и втор циклус на студии и учествувал во изработката на елаборат за студиската програма Маркетинг менаџмент за прв циклус на студии на Бизнис Академија Смилевски.

Во овој Реферат, посебно ги издвојуваме следните активности на кандидатот доц. д-р Марјан Танушевски:

*Учество во промотивни активности на БАС Институт за менаџмент-Битола

*Учество во промотивни активности на Бизнис Академија Смилевски-БАС, Скопје

*Предавања во институции од јавен интерес во странство (Загреб и Сараево)

*Предавања во институции од национален јавен интерес во Македонија

*Член на Рецензентски комисии за избор во звање

*Член на Комисија за изработка на нова студиска програма на БАС-Скопје

*Член на уредувачки одбор на меѓународно списание, Зборник, АНУБиХ, 2017

*Претседател на Уредувачки совет на МНД-Битола што го издава списанието „Прилози"

*Ментор и обучувач во повеќе национални проекти (прилог документација)

Кандидатот активно е вклучен во организација на меѓународната научна Конференција Современите менаџерски предизвици и организациските науки чиј организатор е БАС Институт за менаџмент-Битола.

Во периодот 2013-2017 година, д-р Танушевски директно учествува во креирањето, организирањето и реализацијата на еден регионален и еден национален проект, и двата во целост поддржани од Делегација на Европската Унија во Република Македонија, ја изработува Стратегијата за лобирање на Самостојниот синдикат на новинарите на Македонија, како и други документи и проекти од национален интерес со фокус на односите со јавност, лобирање во пракса и креирање јавни политики, поддржани од Собранието на Република Македонија, Амбасади во Република Македонија, регионални и локални институции.

Кандидатот д-р Марјан Танушевски е претседател на Македонското научно друштво Битола, претседател на Меѓународната научна конференција „Образованието на крстопат" која МНД-Битола ја реализира со поддршка на повеќе Универзитети од регионот и е поддржана од МАНУ. Член е на програмски одбор на Симпозиумот Менаџментот и современите практики, во организацијата на БАС и БАС ИМ.

Добитник е на Сертификати за учества на домашни и меѓународни конференции, конгреси, трибини, работилници и семинари. Посебно е респектиран од Хрватското друштво на лобисти во чија библиотека се архивирани и изнајмуваат авторските книги на Танушевски, како и во Стопанската Комора на Босна и Херцеговина.

Доцент д-р Марјан Танушевски во својата професионална кариера добил бројни награди и признанија, а во изборниот период е добитник на националната наградата „Медијала" што ја доделува издавачката куќа „Феникс"-Скопје за посебен придонес во афирмацијата на науката и културата.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1 и професионалната биографија на кандидатот, што се доставени во прилог со овој Правилник.*

**3.Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Танушевски, во текот на повеќе семестри и при последната евалуација за 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Бизнис Академија Смилевски, БАС-Скопје.

**Заклучок и предлог на Рецензентската Комисија:**

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Марјан Танушевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Марјан Танушевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола и ги исполнува сите услови да биде избран во наставно - научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно - научните области (дисциплини) Деловно секретарство, Организациско комуницирање и организирање и Преговарање и одлучување, за наставните предмети: Односи со јавност и Менаџерско лобирање.

Според претходно изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, доц. д-р Марјан Танушевски да биде избран во наставно – научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно – научните области (дисциплини) Деловно секретарство, Организациско комуницирање и организирање и Преговарање и одлучување, за наставните предмети: Односи со јавност и Менаџерско лобирање.

Битола, 03.11.2017

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Томе Груевски, редовен професор;**

   ________________________

2. **Д-р Цветко Смилевски, редовен професор;**

   ________________________

3. **Д-р Методија Стојановски, редовен професор;**

   ________________________